ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 07. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 752 | /1 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, по скратена постапка

ПРАТЕНИЦИ:

ПРАТЕНИЦИ:

Ели Панова

Дафина Стојаноска

Бојан Стојаноски

Моника Тројанова

Весна Ѓорѓиева

Карамфил Неловски

Елизабета Антова

Катерина Димитровска

Јулија Пешевска

Бране Петрушевски

Златко Пенков

Александар Јанков

Марија Станковиќ

Драгана Арсова

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Народниот правобранител согласно уставната поставеност и законски определениот мандат е независен и самостоен орган на Републиката, кој ги штити уставните и законските права на граѓаните, врши промоција на правата и дејствува како Национален превентивен механизам чија основна задача е превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување.

Работите од својата надлежност Народниот правобранител ги врши врз основа и во рамките на Уставот, законот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, во седиштето во Скопје и подрачните канцеларии во Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип.

Во периодот од 2016 до 2018 година, донесени се измени и дополнувања на Законот за народниот правобранител, кои обезбедија зајакнување и проширување на надлежноста, функционирањето и независноста на институцијата и обезбедија целосен интегритет во вршењето на функциите.

Со измените на законот од 2016 до 2018 година се воведоа нови можности за Народниот правобранител во промоцијата на човековите права, во следењето на состојбите со нивното почитување и во укажувањето на потребата од нивна заштита. Народниот правобранител, исто така, доби надлежност да дејствува како пријател на судот, со овластувања да учествува во сите фази од постапката, а заради зајакнување на заштитата на човековите права во согласност со стандардите на Советот на Европа и други меѓународни стандарди, се воспостави и како механизам за граѓанска контрола, кој обезбедува поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки при истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Покрај тоа, од Владата на Република Северна Македонија добиени се препораки, Народниот правобранител да прифати да делува како тело за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата (Акт број 08-1359/35 од 09.07.2018 година) и како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција (Одлука за дополнување на Одлуката за национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во бр. 45-278/1 од 22 јануари 2019 година.)

Во тој сегмент, неопходно е целосно инкорпорирање и усогласување со меѓународните обврски и стандарди за човековите права и за статусот на лицата кои работат на полето на нивна промоција, превенција и заштита. Во меѓувреме со ратификацијата на Конвенцијата за лицата со посебни потреби и други меѓународни акти, со одлука на Владата институцијата Народен правобранител отпочна да ги покрива и овие мандати-надлежности иако со Законот за Народен правобранител истите не беа предвидени. Оттука, со одредбите од овој закон, се инкорпорира надлежност на Народниот правобранител и за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност на ООН и

Факултативниот протокол и на активностите кои ги преземаат сите државни институции на планот на сузбивањето на трговијата со луѓе и илегална миграција.

Воспоставувањето на Народниот правобранител како тело за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата, претставува операционализација на членот 33 од истата, согласно кој, земјите потписнички, во согласност со своите правни и административни системи, одржуваат, зајакнуваат, назначуваат или воспоставуваат рамка, вклучувајќи и еден или повеќе независни механизми, како што е неопходно, за промовирање, заштита и следење на спроведувањето на оваа Конвенција. При назначувањето или воспоставувањето на овој механизам, земјите потписнички ќе ги земат предвид начелата поврзани со статусот и функционирањето на националните институции за заштита и унапредување на човековите права.

Народниот правобранител пак, како национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција се воспоставува согласно препораката на Експертската група за трговија со луѓе ГРЕТА на Советот на Европа, која во својот последен извештај од 2017 година ги повика националните власти да воспостават независен национален известувач или да назначат друг механизам како независен организациски ентитет со цел да се обезбеди ефективен мониторинг на активностите за борбата на државните институции против трговијата со луѓе и да се дадат препораки на засегнатите лица и институции.

Со оглед дека во постоечкиот Закон за народниот правобранител целосно не беа дефинирани надлежностите на Народниот правобранител за заштита на законските права на граѓаните во постапките што ги спроведуваат лицата со јавни овластувања, во овој предлог закон се направени измени и дополнувања со кои се прецизирани и зајакнати неговите надлежности, во насока на можноста Народниот правобранител до овластените предлагачи да поднесе барање за поведување дисциплинска одговорност за лицата со јавни овластувања.

Од горенаведените причини ваквото законско решение во иднина ќе се обезбеди во полн обем остварување на надлежностите на Народниот правобранител утврдени во Уставот на Република Северна Македонија и Законот за народниот правобранител.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител се инкорпорираат и усогласуваат меѓународните обврски и стандарди за човековите права, како и се уредува надлежност на Народниот правобранител за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност на ООН и Факултативниот протокол и на активностите кои ги преземаат сите државни институции на планот на сузбивањето на трговијата со луѓе и илегална миграција.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител нема да предизвика финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител да се расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 1

Во Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ број 60/03, 143/08, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18), во член 2 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Заради заштита на уставните и законските права на граѓаните, Народниот правобранител постапува и кон лицата кои вршат јавни овластувања утврдени со закон.“.

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Народниот правобранител за реализација на надлежноста следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност/попреченост на Организацијата на обединетите Нации (во натамошниот текст: ООН) и Факултативниот протокол, ги врши работите на национален независен механизам и на национален известувач за активностите кои ги преземаат сите државни институции на планот на сузбивањето на трговијата со луѓе и илегална миграција.“.

Член 2

Членот 9 се менува и гласи:

„Функцијата Народен правобранител престанува со истекот на мандатот.

На Народниот правобранител му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

1. на лично барање;
2. ако е избран или именуван на друга јавна функција или професија и
3. ако ја загуби деловната способност.

Народниот правобранител се разрешува пред истекот на мандатот ако:

1. е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
2. не е во можност да ги извршува своите должности подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

Во случаите од ставот 2 на овој член, престанокот на мандатот на Народниот правобранител го констатира Собранието на Република Северна Македонија на првата наредна седница на Собранието. Собранието на истата седница со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, на предлог на надлежната комисија на Собранието го определува заменикот на народниот правобранител кој ќе ги врши надлежностите на народен правобранител до изборот на нов народен правобранител.

Во случаите од ставот 3 на овој член, Собранието на Република Северна Македонија на првата наредна седница со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот

број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, на предлог на надлежната комисија на Собранието го определува заменикот на Народниот правобранител кој ќе ги врши надлежностите на народен правобранител до изборот на нов народен правобранител.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на Народниот правобранител и во случај на разрешување наНнародниот правобранител согласно со ставовите 2 и 3 на овој член, Собранието на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од престанокот на мандатот, односно разрешувањето, распишува оглас за избор на нов Народен правобранител.

Собранието на Република Северна Македонија ја завршува постапката за избор на нов Народен правобранител во рок од 60 дена од денот на престанокот на мандатот, односно разрешувањето на Народниот правобранител.".

Член 3

Во член 11-д во ставот 4 зборовите: „една година" се заменуваат со зборовите: „три години".

Член 4

По членот 11-ѓ се додаваат два нови членови 11-е и 11-ж, кои гласат:

„Член 11-е

Народниот правобранител за реализација на надлежноста следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност/попреченост на ООН и Факултативниот протокол, ги презема следниве дејствија и мерки:

1. мониторирање на спроведувањето на Конвенцијата;
2. анализа, проучување и следење на прописите и компаративните права во врска со правата во Конвенцијата;
3. следење на меѓународната регулатива и залагање за хармонизација на националните закони и други акти;
4. преземање мерки и активности за промоција и подигање на свеста на лицата со инвалидност/попреченост за правата согласно со Конвенцијата и
5. подготвување и доставување на извештај до Меѓународниот комитет на ООН и другите надлежни органи за имплементацијата и преземените мерки на државата, во контекст на правата од Конвенцијата.

Во реализацијата на надлежностите од ставот 1 на овој член можат да учествуваат претставници на лицата со инвалидност/попреченост и на релевантни граѓански организации.

За начинот на ангажирањето на претставниците од ставот 2 на овој член Народниот правобранител склучува Меморандум за соработка, а правата и обврските на секое поединечно лице, подетално се уредуваат со договор.

Член 11- ж

Народниот правобранител како национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, ги презема следниве дејствија и мерки:

1. следење на севкупните активности на државните институции за

борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција;

2. собирање и анализа на податоци (квалитативни и квантитативни информации) од релевантни институции;

3. учество во работата на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција и

4. вршење на мониторинг и евалуација на имплементираните активности на законите и политиките за подобар институционален одговор, како и по Националниот акциски план.“.

Член 5

Во член 20 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Народниот правобранител нема да покрене постапка и во случај кога претставката се однесува на прашање по кое веќе е постапувано, односно постапката ќе се повтори само доколку во претставката се изнесени нови факти, околности и докази кои не биле познати во претходното водење на постапката.“.

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „ставот 1“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 1 и 2“.

Член 6

Во членот 24 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Заради испитување на претставката, Народниот правобранител во рамките на својата надлежност, кон лицата кои вршат јавни овластувања може да ги презема дејствијата од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член.“.

Член 7

Во член 25 во ставот 1 по зборовите: „органот од членот 2“ се додаваат зборовите: „став 1“.

Во ставот 2 по зборовите: „органот од членот 2“ се додаваат зборовите: „став 1“.

Во ставот 3 по зборовите: „органот од членот 2“ се додаваат зборовите: „став 1“.

Член 8

Во член 26 во ставот 2 по зборовите: „органите од член 2“ се додаваат зборовите „став 1“.

Член 9

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

„Член 32-а

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на граѓаните, во постапките што ги спроведуваат лицата кои вршат јавни овластувања, може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди и

- да поднесе барање за поведување дисциплинска постапка до соодветната комора или надлежното министерство.“.

Член 10

Во член 33 во ставот 2 зборовите: „ членот 2 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „ставот 1 на овој член“.

Член 11

Во член 34 во ставот 1 по зборовите: „Органите од членот 2“ се додаваат зборовите: „став 1“.

Во ставот 2 по зборовите: „органот од членот 2“ се додаваат зборовите „став 1“.

Во ставот 3 по зборовите: „органот од членот 2“ се додаваат зборовите „став 1“.

Член 12

Во член 43-а во ставот 3 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со почитување на критериумите на стручност и компетентност.”.

Член 13

Во член 45 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Народниот правобранител за реализација на надлежноста од членовите 11- е и 11-ж од овој закон, формира посебни организациски единици во рамките на Стручната служба.“

Ставот 5 станува став 6.

Член 14

Актите за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба, тимот на Националниот превентивен механизам, посебните одделенија и канцелариите на Народниот правобранител, ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Започнатите постапки за избор на здруженија во механизмот за граѓанска контрола ќе завршат и се со мандат согласно одредбите од овој закон.

Член 16

Низ целиот текст на Законот зборовите: „Република Македонија се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за народниот правобранител.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител содржи 18 члена.

Со членот 1 се овозможува контрола над органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања во областите од посебно значење за граѓаните и нивните права и се прецизира со нов став 6 законската можност Народниот правобранител да делува како тело за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата и како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.

Во членот 2 ја доуредува постапката за избор и престанок на функцијата на народен правобранител.

Со членот 3 на избраните здруженија кои номинираат по еден претставник за надворешен член во Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, им се зголемува мандатот од една на три години.

Во членот 4, со новите два члена 11-е и 11-ж се уредуваат дејствијата и мерките на народниот правобранител во имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата и како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, како и реализација на надлежностите и прашања за начинот на ангажирање на преставници на лица со инвалидитетност и попреченост и на релевентни граѓански организации. За реализација на овие надлежности Народниот правобранител согласно членот 13 од Предлогот на Закон формира посебни организациски единици во рамките на стручната служба.

Со членот 5 се уредува дека не се покренува постапка и во случај кога претставката се однесува на прашање по кое веќе е постапувано, односно ова постапка ќе се повтори само доколку во претставката се изнесени нови факти, околности и докази кои не биле познати во претходното водење на постапката.

Со член 6, во член 24 се додава нов став 5, со кој се регулира кои дејства можат да се преземаат од Народниот правобранител во рамките на неговите надлежности за лицата со јавни овластувања.

Со členовите 7 и 8 се допрецизират одредбите од Законот.

Во членот 9, во новиот член 32-а е уредено дека кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на граѓаните, во постапките што ги спроведуваат лицата со јавни овластувања, може да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди и да поднесе барање за поведување дисциплинска постапка до соодветната комора или надлежното министерство.

Со членовите 10 и 11 се допрецизират одредбите од Законот.

Во членот 12, со кој се дополнува член 43-а став 3, се зајакнуваат критериумите при вработувањето во Народниот правобранител, односно со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

Во членот 13, со новиот став 5 на член 45 се уредува дека Народниот правобранител за реализација на надлежноста од членовите 11- е и 11-ж од овој закон, формира посебни организациски единици во рамките на Стручната служба.

Преодната одредба за усогласување на актите за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба, тимот на Националниот превентивен механизам, посебните одделенија и канцелариите на Народниот правобранител со одредбите на овој закон, е уредена со членот 14 од овој предлог на закон.

Со членот 15 се предвидува дека започнатите постапки за избор на здруженија во механизмот за граѓанска контрола ќе завршат и се со мандат согласно одредбите од овој закон.

Со членот 16 се врши терминолошко усогласување на Законот за народниот правобранител со Амандманот XXXIII на Уставот.

Овластувањето за пречистен текст на Законот за народниот правобранител е уредено во членот 17 од Предлогот на Закон.

Членот 18 уредува влегување во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија во полн обем ќе се обезбеди остварувањето на надлежностите на Народниот правобранител утврдени во Уставот и Законот за народниот правобранител, како и ќе се вградат и усогласат меѓународните обврски и стандарди за човековите права.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 2

Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги промовира и штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа од органите на единиците на локалната самоуправа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, како и врши и други работи утврдени со друг закон.

Со цел промовирање на човековите права и слободи Народниот правобранител ја следи состојбата на почитување на човековите права и укажува на потребата од нивна заштита, спроведува соодветни истражувања, организира едукативни активности, навремено и редовно ја информира јавноста, соработува со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и академската јавност, како и дава иницијативи за усогласување на правната регулатива со меѓународните и регионалните стандарди за човековите права.

Промоцијата на човековите права може да се спроведува преку јавниот радиодифузен сервис кој е должен при производството и обезбедувањето на радио и телевизиски програми да придонесува за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, како и преку едукативно-промотивни настани со цел јакнење на свеста кај граѓаните и вработените во органите на државната управа и локалната власт.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се или може да бидат лишени од слобода.

Член 9

Функцијата Народен правобранител престанува ако:

1) тоа сам го бара;

2) е избран или именуван на друга јавна функција;

Народниот правобранител се разрешува пред истекот на мандатот ако:

1) трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата;

2) биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци.

Член 11- д

Во состав на Народниот правобранител -механизам за граѓанска контрола учествуваат три надворешни членови од здруженија.

Собранието на Република Македонија распишува јавен оглас за избор на здружение од областа на човековите права, полициското право и правосудството.

Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни весника од кои по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Избраните здруженија номинираат по еден претставник за надворешен член во Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, со мандат од една година.

Надворешните членови треба да ги исполнуваат следните услови:

-да е државјанин на Република Македонија,

-со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

-да имаат стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен на образование и

-да имаат пет години работно искуство кај невладини организации (здруженија) во областа на човековите права, полициското право и правосудството.

Народниот правобранител со номинираните лица склучува Договор за ангажирање со кој подетално се утврдуваат нивните права и обврски.

Начинот на работа на надворешните членови подетално ќе биде уреден со посебна Методологија за работа која ќе биде утврдена од сите членови на Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, а која ќе биде одобрена од Народниот правобранител.

Член 20

Народниот правобранител нема да покрене постапка по претставката ако:

- претставката е анонимна, освен ако се работи за прашање од општ интерес;

- претставката не е комплетна и ако подносителот по претходното укажување од Народниот правобранител не ја дополнил претставката;

- од претставката се констатира дека се работи за помалку значаен случај кој и по завршеното испитување не би можел да даде соодветни резултати;

- од самата претставка, околностите и приложените факти и докази произлегува дека не се работи за повреда на уставните и законските права на подносителот или лицето во име на кое е поднесена претставката од органите од членот 2 на овој закон;

- не е надлежен да постапува;

- од дејствието или од последната одлука на органот, организацијата или установата изминало повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини и

- по предметот на претставката во тек е судска постапка, освен за работите од членот 12 ставовите 1 и 2 на овој закон.

Кога Народниот правобранител нема да покрене постапка по претставката согласно со ставот 1 на овој член е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на претставката да го извести подносителот на претставката и да му ги објасни причините поради кои ја отфрла претставката и по можност да му го појасни начинот на кој може да го оствари правото.

Член 24

Заради испитување на претставката, Народниот правобранител во рамките на својата надлежност, кон органите од членот 2 на овој закон, може да ги преземе следниве дејствија и мерки:

- да побара потребни објаснувања, информации и докази за наводите во претставката;
- да влезе во службените простории и да изврши непосреден увид во предметите и работите од нивна надлежност, како и да обезбеди материјални и вербални докази;
- да повика на разговор избрано или именувано лице, службено лице и секое друго лице кое може да даде определени податоци во постапката;
- да побара мислење од научни и стручни институции и вешти лица и
- да преземе други дејствија и мерки определени со закон или друг пропис.

Бараните објаснувања, информации и докази од ставот 1 алинеја 1 на овој член, органите од членот 2 на овој закон се должни да му ги достават на Народниот правобранител веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за доставување на податоците. Ако од објективни причини се спречени тоа да го сторат се должни, без одлагање, писмено да го известат Народниот правобранител за причините поради кои не се во можност да постапат.

Ако народниот правобранител оцени дека причините од ставот 2 на овој член се оправдани ќе определи нов рок за доставување на бараните објаснувања, информации и докази.

Одбивањето и непочитувањето на барањата на Народниот правобранител за преземањето на дејствијата од ставовите 1 и 2 на овој член се смета за попречување на работата на Народниот правобранител.

Член 25

Народниот правобранител може за попречувањето на работата од членот 24 став 4 од овој закон со посебен извештај да го информира непосредно повисокиот орган, функционерот кој раководи со органот од членот 2 од овој закон или Владата на Република Македонија, а доколку тие не ги преземат потребните мерки, Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија по приемот на посебниот извештај за попречувањето на работата на Народниот правобранител на седница на која задолжително присуствува функционерот или службеното лице што раководи со органот од членот 2 од овој закон на кој се однесува посебниот извештај како и Народниот правобранител, расправа и зазема став со предлог-мерки, а за преземените мерки го известува Народниот правобранител во рокот утврден во посебниот извештај.

Народниот правобранител може, кога е утврдена повреда на уставните и законските права, на трошок на органот од членот 2 од овој закон на кој се однесува предметот, случајот да го објави во средствата за јавно информирање.

Член 26

Лицата од членот 24 став 1 алинеја 3 на овој закон се должни да се јават на поканата на Народниот правобранител и да ги дадат потребните објаснувања во врска со поднесената претставка.

На барање на народниот правобранител, претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и другите функционери кои раководат со органите од членот 2 на овој закон, се должни лично да го примат без одлагање.

Член 33

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања или дека се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедницата во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби или пак се направени други неправилности и доколку оцени дека извршувањето на управниот акт ќе произведе ненадоместлива штета за правото на заинтересираното лице, ќе бара:

- времено одложување на извршувањето на управниот или друг акт до одлуката на второстепениот орган и
- времено одложување на извршувањето на управниот или друг акт до донесување на одлука од надлежниот суд.

Органите од членот 2 на овој закон се должни веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето доставено од Народниот правобранител да ја донесат и да ја достават до народниот правобранител одлуката со која управниот или друг акт е времено одложен од извршување.

Надлежните органи се должни по завршувањето на постапката, одлуката да ја достават и до Народниот правобранител.

Член 34

Органите од членот 2 и членот 12 став 1 од овој закон се должни да го известат Народниот правобранител за преземените мерки за спроведување на неговите барања, предлози мислења, препораки или укажувања во рокот што тој ќе го определи, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето доставено од Народниот правобранител.

Ако органот не го извести Народниот правобранител согласно со ставот 1 на овој член или пак неговите заклучоци, барања, предлози, мислења, препораки или укажувања само делумно ги прифати, Народниот правобранител со посебен извештај за тоа го информира непосредно повисокиот орган, функционерот кој раководи со органот од членот 2 и членот 12 став 1 од овој закон или Владата на Република Македонија, а доколку тие не ги преземат потребните мерки, Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија по приемот на посебниот извештај за непочитување и неспроведување на неговите барања, предлози, мислења, препораки или укажувања, на седница на која задолжително присуствува функционерот или службеното лице што раководи со органот од членот 2 од овој закон на кој се однесува посебниот извештај како и Народниот правобранител,

расправа и зазема став со предлог-мерки, а за преземените мерки го известува Народниот правобранител во рокот утврден во посебниот извештај.

Народниот правобранител може, кога е утврдена повреда на уставните и законските права, на трошок на органот од ставот 2 од овој закон на која се однесува предметот, случајот да го објави во средствата за јавно информирање.

Член 43-а

Народниот правобранител одлучува за вработување, унапредување и засновање работен однос во Стручната служба, во рамките на обезбедените финансиски средства во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител без предходна согласност или мислење пропишано со закон.

Постапките за вработување и престанок на работниот однос во Народниот правобранител се спроведуваат со применување на законските прописи кои го уредуваат статусот на административните службеници, Законот за Народниот правобранител и општите акти за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба, посебните одделенија и канцелариите на народниот правобранител.

При вработувањето во Народниот правобранител се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Член 45

Заради поефикасна и поуспешна заштита на уставните и законските права на граѓаните во одделни области или за одделни ранливи групи лица, Народниот правобранител може да формира и организира одделенија.

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам формира тим за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Народниот правобранител формира посебно одделение за следење на состојбите и заштита на правата на децата како и на лицата со попреченост и посебно одделение за следење на состојбите и заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Народниот правобранител за реализација на надлежноста од членовите 11-в и 11-г од овој закон во рамките на стручната служба формира посебна организациона единица Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола.

Народниот правобранител со општ акт поблиску го регулира начинот на работа и бројот на вработените во одделенијата кои ќе ги вршат работите во областа од надлежност на Народниот правобранител.